**ЗАПИСНИК**
**од 39-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 26.09.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 39-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 гласа „за" го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на предлог-записник од 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.09.2018 година.
2. Предлог-методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси.
3. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за следниот предмет на јавна набавка – услуга – Одржување и сервис на ИКТ систем на Агенцијата.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.09.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска ја образложи предложената Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси. Објасни дека според изменетиот член 76-в став 10 од Изборниот законик, Агенцијата е должна во рок од 60 дена од денот на донесување на овој законик, односно заклучно со 27 септември 2018 година, да донесе Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси, што ќе ја објави на својата веб страница. Оттаму, Агенцијата врз основа на претходната Методологија, подготви Нацрт-методологија што Советот ја усвои на својата 36-та седница одржана на 24 август 2018 година. За текстот отвори јавна расправа во траење од 30 дена, односно заклучно до 22 септември 2018 година. Во текот на јавната расправа, на 17 септември 2018 година, организираше работен состанок со радиодифузерите на кој уште еднаш го презентираше нацрт-текстот на Методологијата. За време на јавната расправа не пристигна ниту еден коментар или забелешка за документот. Имајќи го предвид наведеното, се предлага Советот на Агенцијата да ја усвои Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси, која по усвојувањето ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски во врска со Методологијата потсети дека членовите на Советот имале добра дискусија на седницата кога оваа Методологија беше предложена како нацрт верзија. Посочи дека во Предлог-методологијата текстот не е изменет и отвори дискусија за евентуални предлози или коментари по однос на содржината.

Г-дин Фетаи рече дека не би сакал да се повторува од она што претходно го кажал во дискусијата, а причина повеќе е и тоа што не се пристигнати забелешки. Оттаму рече дека може да се заклучи дека содржината е добра, земени се предвид сите минати моменти кога имало вакви предлози. Се изјасни дека го поддржува овој конечен текст на документот. Рече дека од еден аспект е добро што нема пристигнато други предлози затоа што можеби би се направила одредена девијација на идејата која е тука предложена.

Г-дин Фиданоски рече дека пред неколку дена се одржала јавна расправа по однос Нацрт-методологијата и жали што освен претставници на јавниот сервис не присуствувале и други претставници кои на лице место би се заинтересирале околу тоа што практично значат одредбите од самата Методологија. За предложениот документ рече дека основата ја има од постојната Методологија и сега само технички е подобрена. Предложената Методологија ќе биде таа која ќе важи од сега, а за која имаше поголеми дебати и расправи кога се носеше минатиот пат. Претпостави дека

кога ќе дојдат на ред избори тогаш ќе има и поголема заинтересираност од страна на медиумите.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.01-4221/1 од 25.09.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно ја усвои Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот горенаведената Методологија да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по усвојувањето на документот рече дека и минатиот пат нагласил и сега ќе повтори дека очекува во следната половина година или година да следат уште едни измени на Изборниот законик бидејќи во дел од одредбите има доста слабости што се направиле ова лето.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски во врска со предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за предметот на јавна набавка – услуга: Одржување и сервис на ИКТ систем на Агенцијата, рече дека од технички аспект сака да укаже, бидејќи не е наведено точно во насловот, дека се работи за постарата опрема што ја има Агенцијата односно не станува збор за модерниот систем што делумно е добиен како донација од ЕУ и со финансиски средства од Агенцијата. Објасни дека стариот систем се додека работи и е во исправна состојба треба да се користи иако опремата е стара повеќе од 10 години. Таа е одржувана долго време и се додека функционира и е од корист на службата, треба да се одржува.

Раководителката на службата за јавни набавки Цветанка Митревска објасни дека станува збор за опрема што служи за снимање и архивирање на аудио и видео записи и опрема која ја користат вработените на Агенцијата односно персонални и преносни компјутери. Оваа јавна набавка рече дека е предвидена во Финансискиот план на Агенцијата и во Планот за јавни набавки за 2018 година.

Г-дин Петрушевски информира дека за оваа набавка се предвидени средства од 300.000,00 денари без ДДВ и плаќањето ќе се врши сукцесивно по извршување на услугата. Претпостави дека набавката за персоналните компјутери сигурно ќе се употреби бидејќи постои голема веројатност некои од нив во текот на една година да се расипат и со предвидените средства ќе се набават нови делови.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.05-4147/3 од 25.09.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: Одржување и сервис на ИКТ систем на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот – услуга: Одржување и сервис на ИКТ систем на Агенцијата е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2018 година (Пречистен текст), бр.05-3270/1 од 13.07.2018 година,

а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр. 02-4201/4**
**03.10. 2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**